Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 06.09.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 3347 | 1 | |


АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2022 –
## Избори за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период

# ИЗВЕШТАЈ
## за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања

во периодот од 31 јули до 18 август 2022 година

**ВОВЕД**

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за време на изборната кампања за Локалните избори 2022 за избор на членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период, е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, во која е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија (ДИК) да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите, што тие ги доставуваат до Агенцијата, а таа ги потврдува во согласност со член 76-д став 9 од Изборниот законик. Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги е уредена во Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година, а се спроведуваше електронски, преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена за оваа намена.

Според член 75-ѓ од Изборниот законик, право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборна кампања имаат само радиодифузерите што ќе бидат регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Според истата одредба, радиодифузерите кои ги покриваа изборите можеа да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, кои се распределуваа по претходен писмен договор меѓу учесниците во изборите, на следниов начин:

- по најмногу четири минути за двете најголеми политички партии од позицијата и од опозицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието освоиле најмногу гласови;

- една минута за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група; и

- вкупно триесет секунди за политичките партии кои не се застапени во Собранието и за независните кандидати.

## КЛУЧНИ НАОДИ

Од вкупно 6 радиодифузери што се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање, 4 телевизии (ТВ 21-М, ТВ Коха, ТВ Кисс&Менада и ТВ Полог) склучија договори со учесниците во изборната кампања.

Мониторингот на платеното политичко рекламирање течеше непречено. Снимките од емитуваната програма се прегледуваа на дневно ниво во текот на кампањата, а потоа податоците се споредуваа со дневните медиа планови што редовно ги доставуваа четирите телевизии што склучија договори за рекламирање. Телевизиите кај кои беше регистрирано несовпаѓање на податоците меѓу плановите и снимките, веднаш беа известувани да направат соодветни корекции. Тие доставија вкупно 20 извештаи за реализирани услуги. Некои од нив беа повеќепати корегирани поради неточни пресметки на вкупното времетраење на рекламирањето. Агенцијата ги издаде потврдите на 26 август, пред законскиот рок.

На програмите на телевизиите беше емитувано платено политичко рекламирање за 13 учесници во изборите во вкупно траење од **23 часа 51 минута и 7 секунди**. Од ова, за Алијанса за Албанците 06:06:35, за СДСМ и Коалицијата „Најдоброто за мојата општина" – 05:49:14, за ВМРО ДПМНЕ 04:41:39, за ДУИ – 04:05:44, за Беса 00:36:34, за ДПТ 00:35:46, за Левица 00:33:05, за група избирачи – Ељмедина Абдулахи – 00:18:53, за група избирачи – Агон Заими - 00:16:28, за Интегра - 00:15:30, за ПЦЕР 00:13:20, за ДПА – 00:11:39 и за Алтернатива – 00:06:40.

Најмногу време за платено политичко рекламирање беше закупено на регионалните телевизии ТВ Коха (08:47:39) и ТВ Кисс&Менада (08:37:03), потоа на националната телевизија ТВ 21-М (04:09:47) и на регионалната телевизија ТВ Полог (02:16:38).

Во овој изборен процес, учествуваа 13 кандидатски листи за советници и сите закупија простор за платено политичко рекламирање барем на една телевизија. Спотовите кои беа емитувани се разликуваа и по содржина и по должина, Коалицијата предводена од СДСМ како и политичките партии ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и Алијанса за Албанците имаа законска можност да емитуваат и подолги спотови во рамките на достапните четири минути во реален час. Кандидатската листа предводена од Агон Заими имаше само еден спот во времетраење од 13 секунди, а најкраткиот спот во кампањата (од 8 секунди) беше на независната листа за советници предводена од Ељмедина Абдулахи.

Агенцијата констатираше само едно прекршување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање за време на изборната кампања, и тоа кај регионалната телевизија КИСС&МЕНАДА со седиште во Тетово, за што во согласност со Изборниот законик поведе прекршочна постапка пред надлежен суд. ТВ КИСС&МЕНАДА, во повеќе реални часови емитувана програма на 12, 16, 17 и на 18 август 2022 година, одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалиција Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ), повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од

опозицијата (ВМРО – ДПМНЕ) и повеќе од 1 минута за платено политичко рекламирање за политичка партија во Собранието на Република Македонија која на последните избори за пратеници не освои доволно пратеници да формира пратеничка група (Политичка партија – ЛЕВИЦА).[1]

Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање на сите четири телевизии се претставени во секунди во табелите во продолжение, во три временски периоди во денонокието согласно образецот на извештај за реализирани услуги донесен од Државната изборна комисија.

[1] Извештајот од надзорот над изборното медиумско претставување на ТВ К&М КИСС&МЕНАДА е достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/08/Pismen-izvestaj-za-izvrsen-nadzor-monitoring-nadzor-nad-izborno-mediumsko-pretstavuvanje-na-TV-Kiss-i-Menada-Tetovo.pdf

# ТЕЛЕВИЗИИ

| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | |
|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ 21-М | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 156 |
| | 16:00 – 24:00 | 2652 |
| | **Вкупно** | **2808** |
| СДСМ и Коалиција „Најдоброто за мојата општина“ | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 2449 |
| | **Вкупно** | **2449** |
| ДУИ | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 5381 |
| | **Вкупно** | **5381** |
| Алијанса за Албанците | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 134 |
| | 16:00 – 24:00 | 3060 |
| | **Вкупно** | **3250** |
| Алтернатива | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 400 |
| | **Вкупно** | **400** |
| ДПА | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 60 |
| | 16:00 – 24:00 | 639 |
| | **Вкупно** | **699** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **14987** | |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Коха | | ТВ Кисс&Менада | | ТВ Полог | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 1145 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 12946 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **14091** | **Вкупно** | |
| СДСМ и Коалиција „Најдоброто за мојата општина“ | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 738 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 5288 | 16:00 – 24:00 | 12479 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **5288** | **Вкупно** | **13217** | **Вкупно** | |
| ДУИ | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 150 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 3063 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 6150 |
| | **Вкупно** | **3213** | **Вкупно** | | **Вкупно** | **6150** |
| Алијанса за Албанците | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 420 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 16277 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2048 |
| | **Вкупно** | **16697** | **Вкупно** | | **Вкупно** | **2048** |
| Беса | 00:00 – 08:00 | 240 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 540 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1414 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **2194** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00 – 08:00 | 232 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 522 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1392 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **2146** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| Левица | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 1985 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **1985** | **Вкупно** | |
| **Интегра** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 930 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **930** | **Вкупно** | |
| **ПЦЕР** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 800 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **800** | **Вкупно** | |
| **Група избирачи – Агон Заими** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 130 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 858 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **988** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Група избирачи – Ељмедина Абдулахи** | 00:00 – 08:00 | 112 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 282 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 739 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **1133** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **31659** | | **31023** | | **8198** | |